# Повик за користење на бесплатна услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на летниот распуст 2018 година

Министерство за труд и социјална политика ги повикува заинтересираните лица корисници на социјална парична помош, постојана парична помош, посебен додаток, детски додаток, родителски додаток како и деца без родители и родителска грижа, да се јават за користење на бесплатна услуга за одмор и рекреација за своите деца.

Оваа услуга може да ја користат деца од семејства корисници на социјална парична помош, постојана парична помош, детски додаток, родителски додаток, децата без родители и родителска грижа, родени во периодот од 2003 до 2008 година и/или деца редовни ученици кои во учебната 2017/2018 година посетувале петто, шесто, седмо, осмо и деветто одделение и деца корисници на посебен додаток до 26 години.

Услугата ќе се користи во текот на летниот распуст во смени од по 7 дена, во некој од летните туристички центри. Одобрениот термин за користење на услугата не може да се менува, освен доколку постојат оправдани причини.
Услугата на бесплатен одмор и рекреација за деца опфаќа 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно), едукативни, забавни и спортски активности. Децата корисници на посебен додаток имаат право на придружник за време на одморот.

Превозот на децата од одреденото место од страна на надлежниот Центар за социјални работи до одморалиштето и обратно ќе биде организиран.

**Потребни документи за користење на услугата:**

За користење на бесплатната услуга за одмор и рекреација потребно е да се поднесе **барање** до надлежниот Центар за социјална работа, според местото на живеење. Барањето го издава надлежниот Центар за социјална работа. Барањата ќе можат да се поднесуваат **до 10.06.2018 година** односно до пополнување на предвидениот број на корисници, во просториите на надлежните Центри за социјална работа.
Лицата кои ќе ја користат услугата ќе бидат информирани од страна на надлежниот Центар за социјална работа.